Република Северна Македонија
**Министерство за спорт**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Sportit**

Бр. 11-603/2
27-03-2026 год

До: Фондација за интернет и општество Метаморфозис

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Жалба по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 26.03.2026 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Фондација за интернет и општество Метаморфозис до Министерството за спорт заведено во архива под бр. 11-603/1 од 16.03.2026 година СЕ УСВОЈУВА.

### *Образложение*

До Министерството за спорт на ден 16.03.2026 година беше поднесено барање за слободен пристап на информации од јавен карактер со архивски број 11-603/1 од Фондација за интернет и општество Метаморфозис , во кое се бараат следниве информации:

**1.Кои стратегии ги спроведува Вашето министерство во моментов?**

-Стратешки план (2026-2028)

-Национална развојна стратегија (2024-2044)

-Стратегија за транспарентност

-Национална стратегија за соработка со дијаспората (2026-2030)

-Комуникациска стратегија (2026-2030)

Линк: Стратегии - Планови и извештаи - Документи - Министерство за спорт - Република Северна Македонија

**2.Дали Вашето министерство има своја посебна Комуникациска стратегија?**

-Да

Линк: Стратегии - Планови и извештаи - Документи - Министерство за спорт - Република Северна Македонија

**3. Колку постапки за јавни набавки релизираше Вашето министерство во 2025 година?**

- Во текот на 2025 година спроведени се вкупно 14 постапки за јавни набавки.

**4.Дали имаше анекси на договорите за јавните набавки кои се реализирани во текот на 2025 година?**

- ДА.

Појаснување: Во текот на 2025 година, Министерството за спорт има склучено анекси на договори, при што истите се однесуваат на договори склучени во претходни години.

**5.Дали анексите на договорите за јавни набавки се објавени на веб-страната на Вашето министерство?**

- НЕ.

Појаснување: Веб-страницата на Министерството за спорт е изработена, одржувана и целосно усогласена со важечките стандарди и процедури за развој на веб-страници пропишани од Владата на Република Северна Македонија, согласно насоките утврдени од Министерство за дигитална трансформација.

Воедно, укажузаме дека анексите на договори склучени во текот на 2025 година се однесуваат на договори кои претходно биле склучени од страна на Агенција за млади и спорт.

**6. Кога последен пат Вашето министерство работеше на подготовка на некој нацрт-закон? Ве молиме наведете ја годината:**

2026 – подготовка на Нацрт закон за спорт

**7.Колку нацрт-закони и предлог закони подготви Вашето министерство во 2025 година?** /

**8. За колку од вкупниот број законски и подзаконски акти е направена проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во 2025?**

-Во 2025 година не е направена ПВР

Појаснување: Измена на Законот за спорт во 2025 беше извршена директно во Собрание како предлог од пратеник, не беше по таа процедура преку ЕНЕР системот.

**9. Ве молиме наведете ги актите за кои е направена проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во 2025 година:** -/

**10.Колку јавни консулатции/расправи има организирано Вашето Министерство во 2025 година? Ве молиме наведете ги актите и документите за кои е организирана јавна консултација/расправа заедно со датумите:**

-Министерството за спорт организираше прв Регионален спортски самит што се одржа на 10 септември 2025 година. Во рамките на овој настан се одржаа девет панели/расправи на повеќе теми од областа на спортот, дел од предлозите и заклучоците од овие дискусии ќе бидат имплементирани во Националанта стратегија за спорт која е во фаза на подготовка.

Министерство за спорт
Ministria e sportit
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628
Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“
Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov
Email:
1000 Скопје, Република Северна Македонија
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
web:

11. Дали Вашето министертсво организира јавни консултации/расправи онлајн преку ЕНЕР – Единствениот национален регистар на прописи на Република С.Македонија?

- Не

12.Дали службениците од Вашето министерство учествуваа во обуки/работилници/едукативни активности од областа на пристап до информации од јавен карактер во 2025 година?

-Да

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер учествуваше на обуката „Пристап до информации од јавен карактер: Европски стандарди и национална примена" одржана на 26 септември 2025 година.

13.Дали службениците од Вашето министерство учествуаа на обуки/работилници/едукативни активности од областа на отворени податоци (open data) во 2025 година?

-Не

14.Дали Вашето министерство го испрати годишниот работен извештај за 2024 година до Владата во законскиот рок?

-Не

Појаснување: Министерството за спорт е формирано во јули 2024 година по трансформацијата на поранешната Агенција за млади и спорт, поради процесот на трансформација не постоеше можност да се изготви комплетен годишен работен извештај.

15.Дали на веб-страницата на Вашето министерство е објавен годишниот извештај за 2024 година што го покрива работењето на Вашиот ресор во таа година?

-Не

16.Дали Вашето министерство го испрати годишниот финансиски извештај за 2024 година до надлежното тело во законскиот рок?

- Да - извештајот е доставен на 09.05.2025 година

17.Дали на веб-страната на Вашето министерство е објавен Вашиот План за интегритет?

- Не

18.Дали на веб-страната на Вашето министертво е објавен последниот извештај за спроведување на Вашиот План за интегритет?

- Не

19.Дали Вашето министертво користи индикатори за учинок при изготвувањето на годишните работни планови?

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov" 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: web:

-Не

Доколку ДА, наведете пример на индикатор за учинок кој сте го користеле во Вашиот последен годишен работен план

-Не

**20.Дали Вашето министерство користи индикатори за учинок при изготвувањето ма годишни работни извештаи?**

-Не

**21.Дали службениците од Вашето министерство учествуваа во обуки/работилници/едукативни активности од областа на конфликт на интереси/спречување корупција/укажување во случај на нерегуларности во 2025 година?**

-Не

**22.Дали на веб-страната на Вашето министерство постојат податоци кои се објавени во некој од следните формати: XML,CSV,JSON?**

-Не

**23.Дали Вашата институција користи алатки базирани на вештачка интелигенција или други технологии во донесувањето на одлуки или обезбедување на јавни услуги?**

- Не

**24.Колку инциденти поврзани со сајбер безбедност се регистрирани во Вашата институција во текот на 2025 година и од каков тип (неовластен пристап, губење податоци, фишинг напади и сл.)?**

-Не се регистрирани инциденти поврзани со сајбер безбедност

**25.Дали Вашата институција има преземено мерки за санирање на последици и спречување на повторување на инциденти поврзани со сајбер безбедност?**

-Да, овластени лица од нашата институција присуствуваа на технички состанок за асистирање при користење на системите (Cyble Vision, Phished.io, AegisOne Централен портал) и на неколку обуки поврзани со мерките за сајбер безбедност.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-603/2
26.03.2026 година

**Министер**
**Борко Ристовски**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Доставено до:** - Барател на информацијата - Сектор -Архива